**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-121
18-04. **2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 53 став 2 од истиот Закон, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1162/1 од 23.03.2022 година, а во согласност со Заклучокот бр.02-1682/4 од 15.04.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15-та седница одржана на 15.04.2022 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 22-ри и на 23-ти февруари 2022 г., во делови од утринската, актуелно – информативна емисија „Здраво Македонијо", емитувани се прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации на производите „Бронхо протект" и „Диабетол Форте" на операторот со храна „Натура Терапи".

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-1162/1 од 23.03.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, веднаш по приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗААВМУ.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗААВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗААВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗААВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Членот 53 став 2 од ЗАВМУ пропишува дека не се дозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 22-ри март 2022 година, изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21-ви, 22-ри и 23-ти февруари 2022 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации. Вонредниот надзор беше реализиран по известувања од Агенцијата за храна и ветеринарство за незаконски аудиовизуелни комерцијални комуникации за додатоци во

исхрана, а во рамки на Меморандумот за соработка меѓу Агенцијата и Агенцијата за храна и ветеринарство, склучен на 14.04.2021 година.

Прекршувањето е направено во утринската, информативно-забавна емисија „Здраво Македонијо“, преку разговор со Сашо Дрвошански, нутриционист – главен менаџер за грижа за корисници, едукација и развој на производи од операторот со храна „Натура терапи“ („Natura therapy“) и со д-р Катерина Адамова, субспецијалист ендокринолог, евидентирани како два посебни прилога, визуелно и вербално направени како комерцијални презентации со кои посебно промотивно се препорачуваат: „Бронхо протект“ (Broncho protect“) и „Диабетол Форте“ („Diabetol Forte“). Имено, во емисијата „Здраво Македонијо“, прикриени како медиумски содржини посветени на здравјето, во две премиерни изданија на емисијата, на 22 и на 23 февруари, и визуелно и вербално се претставени додатоците во исхрана „Бронхо протект“ и „Диабетол Форте“, на начин кој очигледно има рекламни цели и може да ја доведе публиката во заблуда за природата на содржината, односно се емитуваат прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации. Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1162/1 од 23.03.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗААВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје на 24.03.2022 г., испрати Допис арх.бр.10-1162/2 од 24.03.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1162/1 од 23.03.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗААВМУ. Во предвидениот рок, ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 15.04.2022 година го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, да му изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗААВМУ, а во врска со член 53 став 2 од истиот Закон, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г. и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1162/1 од 23.03.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗААВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 15-та седница одржана на 15.04.2022 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-1682/4 од 15.04.2022 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и му се наложува веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗААВМУ. Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗААВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

____________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1162/1 од 23.03.2022 година.

**Доставено до:**

-ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
-Управителот на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
-Одговорното лице на програмата во ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 23-03-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 1162 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден, по известувања од Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) за незаконски аудиовизуелни комерцијални комуникации за додатоци во исхрана, а во рамки на Меморандумот за соработка меѓу АВМУ и АХВ, склучен на 14.04.2021 година;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 21, 22 и 23 февруари 2022 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 март 2022 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации*);

6. **Претходно изречена мерка[1]: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор врз програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21, 22 и на 23 февруари 2022 година, на државно ниво,

[1] Не се изречени мерки, но на овој Извештај му претходеа:

- Известување од АВМУ до ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје за противзаконски аудиовизуелни комерцијални комуникации за Broncho protect 500 ml (Бронхо протект), произведен од Натура Терапи ДООЕЛ Скопје, бр. 03-638/3 од 15.02.2022 година;

- Известување од АВМУ до сите радиодифузери за противзаконско рекламирање на Дијабетол Форте, произведен од Натура Терапи ДООЕЛ Скопје, бр. 03-4209/4 од 01.12.2021 година;

- Известување од АВМУ до сите радиодифузери за противзаконско рекламирање на Дијабетол Форте, произведен од Натура Терапи ДООЕЛ Скопје, бр. 03-4209/2 од 23.11.2021 година.

констатирано е прекршување на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - *забрана за прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.*

Прекршувањето е направено во утринската, информативно-забавна емисија „Здраво Македонијо", преку разговори со Сашко Дрвошански, нутриционист - главен менаџер за грижа за корисници, едукација и развој на производи од операторот со храна „Натура терапи" („Natura therapy") и со д-р Катерина Адамова, субспецијалист ендокринолог, евидентирани како два посебни прилога, визуелно и вербално направени како комерцијални презентации со кои посебно промотивно се препорачуваат: „Бронхо протект" („Broncho protect") и „Диабетол Форте" („Diabetol Forte"). Првоспоменатиот производ Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) го дефинира како - „додаток во исхраната", а вториот како – „храна со медицинска намена".

**Во информативно-забавна програма која исполнува информативна функција[2], каква што е емисијата „Здраво Македонијо", публиката очекува разнородни информативни прилози за различни настани и случувања и на различни теми, испреплетени со забавни компоненти. Во ваквите емисии, според член 55 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, воопшто не е дозволено пласирање производи. Сепак, прикриени како медиумски содржини посветени на здравјето, во две премиерни изданија на емисијата, на 22 и на 23 февруари, и визуелно и вербално се претставени додатоците во исхрана „Бронхо протект" и „Диабетол Форте", на начин кој очигледно има рекламни цели и може да ја доведе публиката во заблуда за природата на содржината, односно се емитуваат прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.**

| Опис на содржината | Датум | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | Почеток | Крај |
| Прилог во информативно-забавната емисија - „Здраво Македонијо",премиерно емитуван на 22 февруари, во кој промотивно се препорачува додатокот во исхрана **„Бронхо протект"** на операторот со храна „Натура терапи". | 22 февруари | **09:39:12** | **09:45:02** |
| Прилог во информативно-забавната емисија - „Здраво Македонијо",премиерно емитуван на 23 февруари, во кој промотивно се препорачува додатокот во исхрана **„Диабетол Форте"** на операторот со храна „Натура терапи". | 23 февруари | **09:28:29** | **09:36:49** |

[2] Упатство за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми бр. 01-5740/1 од 19.11.2014 година

**Визуелно**, прикриените аудиовизуелни комерцијални комуникации се направени:

- со измена на среднокрупни и на многу крупни / детални планови на снимање на производот („Бронхо протект“ и „Диабетол Форте“), со што посебно промотивно се истакнуваат - неговата препознатлива трговска марка и неговата препознатлива амбалажа, а производот е поставен и како централен, фронтално и континуирано сниман објект на студиската сценографијата каде што се одвива разговорот;
- за време на разговорот, како дополнителна, промотивна визуелна референца, се појавува и поп-ап / реклама на поделен екран со времетраење од 10 секунди, за операторот со храна „Натура терапи“;
- пред и по разговорите со Сашо Дрвошански, нутриционист и д-р Катерина Адамова - субспецијалист ендокринолог, варијанти на рекламни и на телешопинг спотови за различни производи од истиот оператор со храна, евидентирани се во низа реални часови од програмскиот сервис на радиодифузерот; - во некои телешопинг спотови се појавуваат и Дрвошански, нутриционист и д-р Катерина Адамова - субспецијалист ендокринолог;

**Вербално**, прикриените аудиовизуелни комерцијални комуникации на „Бронхо протект“ и на „Диабетол Форте“, се направени:

- со здравствени тврдења (ин)директно поврзани со карактеристиките / состојките од производот („Бронхо протект“ и „Диабетол Форте“), било преку исказот на гостинот во емисијата било преку промотивни референци од водителката на прилогот во емисијата;
- со тврдења за нутритивна и/или здравствена корист од производот;
- со посочување на продажната цена (сосе тековни попусти) на производот;
- со упатување на достапноста на производот;
- со укажувања за дистрибутивната и за продажната мрежа на операторот со храна „Натура терапи“;
- со посочување контакт-телефон и електронска / адреса на операторот со храна;
- прашањата што новинарката-водителката на утринската емисија им ги поставува на С. Дрвошански и на д-р К. Адамова, го сведуваат разговорот на содржина со промотивна комерцијална цел.

Дополнително, емитуваната содржина е таква, што дури и издвоена како посебна аудиовизуелна целина не би можела да се смета за специјализирана информативна емисија на тема здравство, туку само за телешопинг, односно за „емитување директни понуди до јавноста на производи или услуги... Директна понуда е секоја понуда која покрај информациите за добавувачот,

карактеристиките и/или цената на производот или услугата, содржи и некој од следниве елементи: поштенска или електронска адреса, веб страница и/или телефонски број преку кои уште во текот на емитувањето може да се реализира купувањето. Форми на телешопинг се телешопинг спотови и телешопинг прозорци" (член 3 став 1 точка 24 од ЗААВМУ).

***Цитати*** од Сашо Дрвошански, нутриционист - главен менаџер за грижа за корисници, едукација и развој на производи од операторот со храна „Натура терапи" и од д-р Катерина Адамова - субспецијалист ендокринолог, гости во утринската, информативно-забавна емисија „Здраво Македонијо ", во изданијата од 22 и од 23 февруари 2022 година:

**22 февруари – прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации на „Бронхо протект":**

Б. Дебарлиева-водителка: *„Актуелната состојба со пандемијата со Ковид, сезонските вирози и настинки, децата од основните и средните училишта некако сѐ повеќе се болни од Ковид или сезонски вирози, затнат или растечен нос, болно грло, кашлица и ред други симптоми. Можеме ли на природен начин да ги заштитиме и да ги спречиме компликациите од овие вирози?"*

С. Дрвошански: „(...) Благодарение на природните состојки во „Бронхо протект" - додатокот на исхрана, може не само да се зајакне имунитетот и превентивно да се делува, значи најдобро е да се користи превентивно и да се спречи развој на инфекција, развој на било која вироза, но и сите оние деца кај коишто се јавува веќе инфекцијата којашто е проследена вообичаено со воспаление на горните дишни патишта - на грлото, на ждрелото, растечен нос и така, и се јавува една иритантна кашлица заради создавањето на секрет. Внесот на „Бронхо протект" трипати на ден кај децата ќе овозможи и да се смири кашлицата којашто многу често е иритантна, да се омекне или разводни секретот, да се олесни неговото исфрлање од организмот, сѐ со цел да се спречи спуштање на тој секрет, односно спуштање на воспалението, инфекцијата на долните дишни патишта односно на ниво на бронхит и белите дробови, каде што знае да даде потешки форми и потешки компликации. Токму затоа, значи со помош на "Бронхо протект", на еден природен, целосно безбеден и ефикасен начин, и ќе се смират и ќе се спречат самите кашлици и другите симптоми коишто ги даваат инфекциите, генерално ќе се скрати времетраењето на самата инфекција, и што е најважно, доколку има некој, да речеме, заболен или инфициран во семејството, убаво е да го користат сите какао еден вид превенција за да го спречат развојот на инфекцијата."

Б. Дебарлиева-водителка: *„И да се зајакне и одржи имунитетот, за да се обезбеди подобар проток на кислород, така, да им дадеме можност на белите дробови органите за дишење подобро да функционираат и полесно."*

С. Дрвошански: „Бронхо протект" е одличен кај сите оние коишто веќе имат некакви видови на хронични проблеми, дали е тоа хронично опструктивна белодробна болест, дали е тоа астма, луѓе коишто заради цигарите имаат оштетување на белите дробови, уникатната комбинација на билни екстракти, витамини А и Д што

се содржат во „Бронхо протект", овозможува заштита на ткивото на белите дробови, заштита на алвеолите и на капиларите, зајакнување на капиларите за да осигура оптимална размена на гасовите, односно оптимален доток на кислород, снабдување на нашето тело со кислород, и одличен начин, значи, сите оние коишто можеби имале во минатото чести инфекции на бронхит, бронхитис или бронхопневмонија, коишто пушат цигари, коишто имат некакви хронични други состојби на белите дробови, со употреба на „Бронхо протект" ефикасно да се заштитат и да осигураат добра функција на белите дробови."

Б. Дебарлиева-водителка: *„Значи наменет за целото семејство?"*

С. Дрвошански: „Наменет за целото семејство. Можат да го користат деца над 4 годишна возраст веќе."

Б. Дебарлиева-водителка: *„Каде можат да го нарачаат сите оние коишто се заинтересирани, сакаат веќе да го користат „Бронхо протект?"*

С. Дрвошански: „Бронхо протект" е достапен и во аптеките во нашата земја, во сите продажни центри низ целата држава, но во моментот сите оние коишто ќе се јават во Центарот за грижи на корисници на „Натура терапи" на 070 230 720, сетот од 3 пакувања „Бронхо протект" ќе го добијат по промотивна цена од 1490 денари."

Б. Дебарлиева-водителка: *„И ова е само еден од многуте производи коишто „Натура терапи" ги има за своите потрошувачи, буквално за секоја состојба како природна поткрепа и поддршка, нели на секој проблем кој може да се јави?"*

С. Дрвошански: „Како додаток на терапијата којашто ја земаат луѓето или превентивно да се обезбеди правилна функција и добро здравје на сите органи во телото, а особено има широка палета на производи наменети и за имунитетот, секако она што во овој период би го препорачале најмногу што е најпотребно за сите, велам може и превентивно да се користи, тоа е „Бронхо протект."

Б. Дебарлиева-водителка: *„И кога ќе ги посетат продажните центри на „Натура терапи", таму ќе дознаат и за многу други поволности и изненадувања?"*

С. Дрвошански „Секако. Со сите продажби, сите всушност купувачи добиваат и картичка за лојалност со којашто за секоја продажба направена, освојуваат поени со којшто понатаму можат да добијат или гратис производи или широк спектар на вредни подароци, производи за домаќинство, за одржување на здравјето, медицински помагала и така натаму, така што навистина една голема грижа за корисниците и за нивното добро здравје."

**23 февруари – прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации на „Диабетол Форте":**

Б. Дебарлиева-водителка: *„Доктор Адамова, покрај стандардната терапија којашто нели луѓето со дијабет си ја примаат, има ли и физичката активност*

*и промената во стилот на живот и исхраната, има ли природни препарати и состојки коишто исто така треба дополнително да се земаат и можат да помогнат во регулирањето на шеќерот?"*

д-р Катерина Адамова: „Има одреден број на состојки коишто се испитувани долго време и за коишто голем дел од пациентите знаат, тоа е циметот и многу често го користат, меѓутоа она што е помалку познато е дека екстрактот од горчлива диња исто така, влијае на намалување на гликемијата. Е сега, комбинацијата на горчлива диња, екстракт од горчлива диња, заедно со цимет, со екстрактот од цимет, придонесува за намалување на гликемијата. Од друга страна пак, во комбинација со хром придонесува за намалување на инсулинската резистенција, додека пак цинкот е тој којшто влијае на подобрување на ослободување инсулин од панкреасот. Така да, една убава комбинација ќе делува на повеќе нивоа за регулирање на шеќерот."

Б. Дебарлиева-водителка: *„Сите овие елементи и состојки коишто ги споменавте ги има токму во „Диабетол Форте" на „Натура терапи". Ви благодарам доктор Адамова за гостувањето. А јас само на крајот да потсетам за нашите гледачи дека алфа-липонската киселина и екстрактот од горчлива диња, екстрактот од цимет, цинкот и хромот ги има во „Диабетол Форте" и тие заедно делуваат да се регулира нивото на шеќерот на крвта. „Диабетол Форте" можете да го најдете во аптеките и во сите продажни центри на „Натура терапи" низ државата, а сите оние коишто ќе се јават во кол-центарот на „Натура терапи" на телефонот 070 230 720, ќе можат да го добијат овој пакет 2+1 гратис по промотивна цена, односно со попуст од 1990 за само 1490 денари."*

**Контекстуално според ЗААВМУ, во прилог на опишаните прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации, одат и следниве одредби:**

- член 98 став 1: „Услови за рекламирање и телешопинг":
    - o Рекламирањето и телешопингот треба да бидат јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата.
- Подзаконскиот акт – „Упатството за пласирање производи", на следниов начин разграничува помеѓу - пласирањето производи и прикриеното рекламирање:
    - o точка 34: *Пласирањето производи е практика која е дозволена во одделни видови програми, за разлика од прикриеното рекламирање кое е целосно забрането;*
    - o точка 35: *Програми во кои се пласираат производи, без притоа јасно и соодветно да се означат како такви, ќе се сметаат како форма на прикриено рекламирање, односно како прекршување на членот 53, став 2 од Законот.*

Односно, за да може во одредена програма да се примени - пласирање производи – како форма на аудиовизуелна комерцијална комуникација, најнапред треба да се има предвид дека таа програма мора да ги почитува и ограничувањата што Упатството ги одредува за одредени видови програми, а имено:

Точка 30: *Пласирањето производи е забрането* во следниве видови програми, утврдени со Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми:
- програми со информативна функција: вести или ТВ дневници, актуелно-информативна програма, актуелно-информативна програма со документаристички пристап, актуелно-информативна говорна шоу програма, преноси или снимки од седници на органите на власта, преноси или снимки од општествено - политички настани, информативни магазини, *информативно-забавна програма*, инфо - сервис, информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки, програми за деца со информативна функција и друга информативна програма;
- програми со образовна функција: образовна програма; документарна програма; образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки; документарна програма со религиозна тематика; програми за деца со образовна функција и друга образовна програма;
- програми со забавна функција: забавно-информативна програма и програми за деца со забавна функција;

Точка 31: Пласирањето реквизити е забрането во сите видови програми во кои е забрането пласирање производи.

8. **Опис на прекршувањето: /**

**Спротивно на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, на 22 и на 23 февруари 2022 година, во делови од утринската, актуелно-информативна емисија „Здраво Македонијо“, **емитувани се прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации на производите „Бронхо протект“ и „Диабетол Форте“ на операторот со храна „Натура терапи“.**

9. **Предлог мерка: /**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи - веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***